УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
КУМАНОВО

# ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ

ОД КОЛЕКЦИЈАТА
НА СЛИКАРСКАТА КОЛОНИЈА

# „ПРОХОР ПЧИЊСКИ"

1974 — 1978

10 — 25 - X - 1978 год.

ПО ПОВОД 75-ГОДИШНИНАТА ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ И 11 ОКТОМВРИ — ДЕНОТ НА ВОСТАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО ВО СОРАБОТКА СО КУЛТУРНО — ПРОСВЕТНАТА ЗАЕДНИЦА — КУМАНОВО И РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ ОД ВРАЊЕ, ОРГАНИЗИРА

# ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ

ОД КОЛЕКЦИЈАТА
НА СЛИКАРСКАТА КОЛОНИЈА

# „ПРОХОР ПЧИЊСКИ"

## 1974 — 1978

ПОВЕЛЕТЕ НА ОТВОРАЊЕТО ВО ВТОРНИК, 10-X-1978 ВО $18^{30}$ ЧАСОТ

*Во оваа за нас значајна година, кога нашиот народ бележи повеќе јубилеи и прослави изложбава претставува уште еден богат прилог во прославувањето на 11 Октомври — Денот на востанието на македонскиот народ.*

*Сумирајќи ги позитивните резултати и крупните достигања што се остварени со спроведувањето на идејно-политичката линија на XI конгрес на СКЈ и VII конгрес на СКМ, можеме со право да го оцениме како период на нашиот сестран успешен развој во сите области на нашето општество.*

*Делава од збратимената сликарска колонија „ПРОХОР ПЧИНСКИ“ претставува уште една потврда за постигнатиот голем степен на продлабочувањето на рамноправноста на сите народи и народности, јакнењето на братството и единството и на социјалистичкото заедништво.*

*Изложениве дела го одбележуваат петгодишното постоење на сликарската колонија, во која претстојуваа над 60 уметника од сите наши републики и покраини и создадени се над 250 дела со историска содржина. Истите потврдуваат дека колонијата е на добар пат во реализацијата на долгогодишната замисла за постоење на една ваква маниестација која ќе има повеќекатно значење. Исто така дадените резултати не обврзуваат понатаму да вложуваме поголеми напори за нејзината афирмација, доизградување и за зголемување интерес на поголем број ликовни уметници кои ќе ја овековечат уште повеќе нашата славна историја.*